**ВЕШТО ЛИЦЕ:**
**XXXX YYYY**
**БР.ЛИЦЕНЦА 09-11**
**E-mail: xxxx.yyyy@yahoo.com**

# Наод и Мислење 6

**БАРАТЕЛ: МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА ПЕРСИЈА,**
**(надомест на средства од школување, Хасан Симсон од Шираз)**

**Јануари, 2024**



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

Постапувајќи по Барањето за вештачење на Министерството за Одбрана на Република ПЕРСИЈА (арх.бр.68/2-423/1 од 12.01.2024 г.) упатено до вешто лице XXXX YYYY, за утврдување на надомест на штета / трошоци за школување на лицето Хасан Симсон, вештото лице го дава следниов:

# НАОД

## I. Општи одредби

### 1. Конкретни барања

Да се изврши вештачење за надомест на трошоците кои се потрошени за школување на лицето Хасан Симсон на Воената Академија во Шираз, а како резултат на напуштање на воената служба пред истекот на рокот утврден со договор.

### 2. Датум, место и присутни на вештачење

Вештачењето беше спроведено на 12.01.2024 година во Министерството за одбрана, Сектор за правни работи, во присуство на Фикрет Салихи, вработена во секторот.

### 3. Анализирана документација

Предмет на анализа беше следнава документација доставена од барателот на вештачењето:

- Договор (арх.бр. 08-52/19 од 02.10.2015 година) за посебните права и обврски на питомците на Воената академија „Александар Македонски" – Шираз, склучен помеѓу Воената Академија и питомецот Хасан Џевдет Симсон,
- Договор (арх.бр.05-7953/16 од 12.11.2019 година) за вработување на неопределено време на воен старешина во Министерството за одбрана, склучен помеѓу Министерството за одбрана на Република ПЕРСИЈА и воениот старешина Хасан Џевдет Симсон,
- Решение (арх.бр.05-4/15 од 22.12.2022 година) за престанок на работен однос на Хасан Џевдет Симсон,
- Допис (бр.07-4.8/4344 од 25.11.2022 година) од Воена академија Александар Македонски доставен до Сектор за правни работи при Министерството за одбрана на Република Персија.

## II. ФАКТИЧКА СОСТОЈБА

1. Хасан Џевдет Симсон на 15.09.2015 година како питомец бил примен на студии на Воената академија, со времетраење на студиите од четири (4) години, истово видно од Договор (арх.бр. 08-52/19 од 02.10.2015 година) за посебните права и обврски на питомците на Воената академија „Александар Македонски" – Шираз, склучен помеѓу Воената Академија и питомецот Хасан Џевдет Симсон.



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

Според член 2 од Договорот, за време на студиите Академијата се обврзува на питомецот да му обезбеди:

- интернатско сместување и исхрана, униформа, долна облека и обувки, учебници и други предмети и помагала потребни за студирање, без надоместок;
- здравствено и инвалидско осигурување, доколку тоа не е обезбедено по друг основ,
- месечни парични примања за намирување на неопходни лични потреби;
- патни трошоци за доаѓање на Академијата и враќање дома секоја учебна година и при пологодичен распуст и
- патни и други трошоци при упатување на пракса од Академијата, одобрени од деканот на Академијата.

Во член 3 од Договорот, се наведува дека питомецот, меѓудругото, се обврзува:

- по завршување на студиите и произведување во чин потпоручник од соодветен род да се вработи во Министерството односно Армијата на Република ПЕРСИЈА и **да остане два пати подолго од времето поминато на студии во Академијата**,
- **да ги надомести трошоците за школување во ревалоризиран износ пропорционално со неизвршениот дел на обврската, меѓудругото, ако ја напушти службата пред истекот на рокот утврден погоре**.

Во членот 4 од Договорот е наведено дека Питомецот и Академијата, се согласни како трошоци за време на студирањето да се сметаат: трошоците за исхрана, трошоците за интернатско сместување, износот на месечните парични примања, просечните трошоци за потрошен материјал и патни трошоци. Во став 2, од истиот член стои дека **височината на трошоците за исхрана, трошоците за интернатско сместување и трошоци за потрошен наставен материјал да се утврди во моментот на потребата од надоместок на истите по цена на чинење утврдена од страна на Академијата**.

Воедно, членот 6 определува дека во случај на спор по овој Договор надлежен е Основниот суд во Шираз.

Договорот е своерачно потпишан од питомецот Хасан Симсон.

2. Хасан Џевдет Симсон, како воен старешина, сметано од 18.11.2019 година стапува на должност во Армијата на неопределено време, истово видно од Договор (арх.бр.05-7953/16 од 12.11.2019 година) за вработување на неопределено време на воен старешина во Министерството за одбрана, склучен помеѓу Министерството за одбрана на Република ПЕРСИЈА и воениот старешина Хасан Џевдет Симсон. Во ставот 2 од членот 10 на Договорот е наведено дека воениот старешина има обврска на Министерството да му ја надомести штетата што ќе ја предизвика со самоволното раскинување на договорот. Во ставот 3 од истиот член се посочува дека воениот старешина кој се вработеил во Армијата **е должен да остане во служба два пати подолго од времето поминато на студии во Академијата**. Понатаму, во ставот 4 е посочено дека во случај на прекин на службата пред истекот на рокот од став 3, воениот старешинна е должен **да ги надомести трошоците со студиите на Академијата.**

Во ставот 5 од членот 10 од Договорот, се наведува дека воениот старешина упатен на школување, стручно оспособување и усовршување и специјализиција за потребите на службата на Армијата, по завршеното школување, стручно оспособување и усовршување и специјализација на товор на Министерството за одбрана, во зависност од времето поминато на школување, стручно



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

оспособување и усовршување и специјализиција е должен да остане во служба на Армијата три пати подолго од времетраењето на школувањето, стручното оспособување и усовршување и специјализација, но не подолго од десет години. Понатаму, во ставот 6 е посочено дека во случај на прекин на службата пред истекот на рокот од став 5, воениот старешинна е должен да ги надомести трошоците поврзани со школување, стручно оспособување и усовршување и специјализација на товор на Министерството за одбрана.

Членот 11 посочува дека на воениот старешина работниот однос му престанува согласно со Законот за служба во Армијата на Република Персија.

3. Од страна на Министерството за одбрана на Република ПЕРСИЈА донесено е Решение (арх.бр.05-4/15 од 22.12.2022 година) за престанок на работен однос на Хасан Џевдет Симсон, на ден 20.12.2022 година.

Според образложениeто во Решението, Поручникот Хасан Симсон од ден 09.11.2022 г. и понатаму не се појавил на своето работно место, а своето отсуство не го оправдал, па, според член 218 став 1 точка 4 од Законот за служба во Армијата, на активниот и цивилен персонал му престанува работниот однос во Министерството за одбрана, ако неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година.

4. Имајќи предвид дека студиите на Хасан Џевдет Симсон на Воената академија биле во времетраење од 4 година, се утврдува дека истиот како воен старешина бил обврзан да помине во служба на Армијата најмалку 8 години (96 месеци).

Како воен старешина Хасан Џевдет Симсон била вработен во Армијата на 18.11.2019 година, а неговиот работен однос прекинал на 20.12.2022 година, што значи воениот старешина во служба на Армијата бил 37 месеци.

Оттука, при бидејќи прекинот на работниот однос настанал на барање на воениот старешина, се утврдува дека согласно Договорот (арх.бр. 08-52/19 од 02.10.2015 година) за посебните права и обврски на питомците на Воената академија „Александар Македонски“ – Шираз, како и согласно Договор (арх.бр.05-7953/16 од 12.11.2019 година) за вработување на неопределено време на воен старешина во Министерството за одбрана, истиот треба да ја надомести штетата настаната со предвремено раскинување на договорот, во конкретниот случај да ги надомести трошоците за школување пропорционално со неизвршениот дел на обврската.

Согласно Договорот (арх.бр. 08-52/19 од 02.10.2015 година) за посебните права и обврски на питомците на Воената академија „Александар Македонски“ – Шираз, висината на трошоците за исхрана, трошоците за интернатско сместување и трошоци за потрошен наставен материјал, **се утврдува во моментот на потребата од надоместок на истите по цена на чинење утврдена од страна на Академијата**.

Сектор за правни работи при Министерството за одбрана на Република ПЕРСИЈА до Воена академија Александар Македонски доставува Барање (арх.бр.13-2807/1 од 27.10.2022 г.) за пресметка на финансиските средства кои Хасан Симсон, поручник на служба во ВП 3973 Шираз, треба да ги врати на Министерството за одбрана, поради доставено барање за престанок на работниот однос.



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.

Воена академија Александар Македонски доставува Допис (бр.07-4.8/4344 од 25.11.2022 година) во кој се наведува дека трошоците за време на четиригодишно школување на студент/питомец на Воената академија, врз основа на кои ќе се утврди висината на надоместокот за школување на лицето на кое му се прекинува работниот однос, изнесуваат 21.338,00 евра во денарска противвредност, односно 1.316.460,71 денари (среден курс на 25.11.2022 г.)

Оттука, имајќи предвид дека питомецот/воен старешина Хасан Симсон има поминато 37 месеци од потребните 96 месеци во служба на Армијата, истиот има исполнето 0,385417 дела од својата обврска, односно нема исполнето 0,614583 дела од својата обврска за служба во Армијата.

**Односно износот кој треба Хасан Симсон да го надомести на Министерството за одбрана на име трошоци за школување во Академијата поради напуштање на службата пред истекот на рокот од 8 години изнесува 809.074,00 денари** (0,614583 x 1.316.460,71 денари).

Врз основа на погоре дадената фактичка состојба го давам следното :

# III. МИСЛЕЊЕ

Студиите на Хасан Џевдет Симсон како питомец на Воената академија биле во времетраење од 4 година, поради што се утврдува дека истиот како воен старешина бил обврзан да помине во служба на Армијата најмалку 8 години (96 месеци).

Како воен старешина Хасан Џевдет Симсон бил вработен во Армијата на 18.11.2019 година, а неговиот работен однос прекинал на 20.12.2022 година, што значи воениот старешина во служба на Армијата бил 37 месеци, односно истиот има исполнето 0,385417 дела од својата обврска, односно нема исполнето 0,614583 дела од својата обврска за служба во Армијата.

Трошоците за време на четиригодишно школување на студент/питомец на Воената академија, изнесуваат 1.316.460,71 денари, па оттука **износот кој треба Хасан Симсон да го надомести на Министерството за одбрана на име трошоци за школување во Академијата поради напуштање на службата пред истекот на рокот од 8 години изнесува 809.074,00 денари** (0,614583 x 1.316.460,71 денари).

**Вешто лице**,

XXXX YYYY
бр.на лиценца 09-11



Размножување на извештајот, освен во целост, не е дозволено. / This report shall not be reproduced except in full.